**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ЗА РАБОТАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

Лесниот и едноставниот пристап до информации за работата на парламентите е од суштинско значење за остварувањето на нивните основни функции и надлежности - претставничката, законодавната и контролната. За целосно остварување на функцијата на парламентите како претставнички домови на граѓаните, неопходно е граѓаните да бидат целосно информирани за сите активности на нивните непосредно избрани претставници - пратениците. За квалитетно остварување на функцијата на парламентите како носители на законодавната власт, неопходно е граѓаните да имаат навремен и целосен пристап до информациите кои се однесуваат на сите законодавни иницијативи и постапки за донесување на законите, како би можеле да ги искористат сите механизми за вклученост и влијание кои им стојат на располагање. За суштинско остварување на функцијата на контрола врз извршната власт од страна на парламентите, информираноста на граѓаните е неопходен предуслов за остварување на крајната цел - транспарентна извршна власт која е целосно одговорна пред граѓаните.

Имајќи ги предвид овие појдовни претпоставки, сосема е разбирливо што пристапот до информации е еден од основните постулати како на **Декларацијата за отворено владино партнерство**[1], така и на **Декларацијата за отвореност на парламентите**[2].

Зголемувањето на достапноста на информациите за владините активности е една од основните цели на **Декларацијата за отворено владино партнерство**. Во дефинирањето на оваа цел, Декларацијата поаѓа од основната премиса дека владите собираат и чуваат информации во име на граѓаните и граѓаните имаат право да бараат информации за владините активности. Заради остварувањето на оваа цел, во Декларацијата за отворено владино партнерство се содржани следните заложби: промоција на зголемениот пристап до информации за владините активности на секое ниво на власта; зголемување на напорите за систематско собирање и објавување на податоците за трошоците на владата и остварувањето на суштинските јавни услуги и активности; проактивно обезбедување на информации од висока вредност, вклучувајќи и примарни

---

[1] Open Government Declaration, https://www.opengovpartnership.org/open-government-declaration (пристапено на 27.10.2017)

[2] Declaration On Parliamentary Openness, https://openingparliament.org/static/pdfs/english.pdf (пристапено на 27.10.2017)

необработени податоци, кое е навремено и во формати кои овозможуваат лесно пронаоѓање, разбирање и користење од страна на јавноста; обезбедување на ефикасни правни лекови во случаите кога информациите се бесправно сокриени од јавноста, вклучувајќи и ефективен надзор врз процесот на нивна примена; поширока примена на отворените технички стандарди заради промовирање на пристапот на цивилното општество до јавните податоци, како и заради овозможување на интероперабилност на владините информатички системи; и, обезбедување на повратни информации од јавноста заради идентификување на информациите кои се од најголемо значење, како и подоцнежна соодветна примена на повратните информации.

Олеснувањето на пристапот до информациите во врска со работата на парламентите е еден од основните принципи содржани во **Декларацијата за отвореност на парламентите**. Остварувањето на овој принцип на Декларацијата е поврзано со остварување на следните цели:

- **Овозможување на повеќе канали за пристап до информациите**. Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот ќе обезбеди пристап до информациите за својата работа преку повеќе канали, кои вклучуваат пристап преку лично набљудување, пристап преку печатените медиуми, пристап преку радио и телевизиски емисии, и пристап преку интернет и мобилни уреди.
- **Обезбедување на физички пристап.** Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот и неговите пленарни седници ќе бидат физички достапни и отворени за сите граѓани, при што ограничувањата на отвореноста и можноста за присуство можат да произлегуваат единствено од запазувањето на безбедносните стандарди и просторните услови.
- **Гарантирање на пристапот на медиумите.** Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот ќе обезбеди целосен пристап до својата работа за медиумите и независните набљудувачи, при што критериумите и процесот за овозможување на пристапот ќе биде јасно дефиниран и јавно достапен.
- **Овозможување на РТВ-емитувања и интернетски стриминг во живо и на барање.** Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот ќе овозможи аудиовизуелно снимање на својата работа и постапки и нивно емитување во живо преку радио, телевизија и интернет, како и подоцнежна достапност (по барање) на овие содржини во форма на аудиовизуелни архиви.
- **Олеснување на пристапот на целата територија на државата.** Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот ќе ги има предвид географските и техничките ограничувања на пристапот до информации и ќе преземе мерки за нивно надминување. На пример, во случаите кога постојат технички ограничувања на достапноста преку интернет, Парламентот ќе преземе мерки за обезбедување на пристапот до информациите преку други средства за информирање, достапни на целата територија на државата.
- **Користење на едноставен јазик.** Остварувањето на оваа цел значи дека Парламентот ќе изготвува информативни материјали кои на поедноставен

начин, разбирлив за сите слоеви на јавноста, ќе ги објаснуваат неговата работа и донесените законски решенија.

- **Користење на повеќе национални или работни јазици.** Остварувањето на оваа цел значи дека, во случаите кога уставните и деловничките одредби (односно позитивната правна рамка) овозможува користење на повеќе јазици во неговата работа, Парламентот ќе ги направи сите возможни напори за обезбедување на симултан превод на својата работа и брз превод на произлезените документи.
- **Обезбедување бесплатен пристап.** Остварувањето на оваа цел значи дека информациите кои произлегуваат од работата на Парламентот ќе бидат достапни бесплатно, за неограничен пристап, користење и споделување од страна на граѓаните.

## ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Пристапот до информациите за работата на Собранието на Република Македонија, односно јавноста во неговата работа, се регулирани со Деловникот на Собранието на Република Македонија[3], а одредени аспекти од ова прашање (како функционирањето на Собранискиот канал) и со Законот за Собранието на Република Македонија[4]. Одредбите со кои се регулираат овие прашања и во двата споменати акти се базирани врз членот 70 од Уставот на Република Македонија, со кој се пропишува дека седниците на Собранието на Република Македонија по правило се јавни, а пристапот на јавноста на одредена седница може да биде исклучен единствено со одлука донесена со квалификувано мнозинство од две третини од вкупниот број пратеници.

Најзначајните средства за пренос на информации за работата на Собранието на Република Македонија се **Собранискиот канал** и интернетската страница на Собранието. Собранискиот канал претставува терестријален телевизиски канал со слободен пристап, кој се емитува на целата територија на Република Македонија. Собранискиот канал, по правило, ги пренесува во живо пленарните седници на Собранието на Република Македонија, како и седниците на Комисијата за финансирање и буџет на кои се разгледува предлог-буџетот на Република Македонија за следната година. Седниците на останатите постојани работни тела (комисии) на Собранието се емитуваат одложено, во форма на снимки од седницата. Преносите на Собранискиот канал се емитуваат во техниката „дуал-тон“, односно на гледачите им е овозможен

> **ДОБРИ ПРАКТИКИ**
>
> Заради обезбедување на можност за следење на парламентарните седници од страна на лицата со оштетен слух, преносите од седниците на Канадскиот парламент се проследени со суптитлови во реално време, додека некои од седниците на Грчкиот парламент се преведуваат на знаковен јазик.
>
> (*Извор: одговори на прашалник на ЕЦПРД бр. 3481*)

---

[3] Деловник на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 91/2008, 119/2010 и 23/2013)

[4] Закон за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 104/2009)

избор меѓу два аудиоканали, на македонски и албански јазик.

**Интернетската страница** на Собранието на Република Македонија содржи мноштво информации кои се однесуваат на работата на Собранието, на македонски, албански, англиски и француски јазик, во пишан и аудиовизуелен формат. Меѓу другото, интернетската страница содржи информации за активностите на Собранието и пратениците, седниците на Собранието, работните тела (комисиите) и советите, податоци за пратеничкиот состав на Собранието во актуелниот и претходните мандатни периоди, составот на работите тела, советите и делегациите на Собранието, како и информации за Службата на Собранието.

Во однос на пленарните седници и седниците на работните тела, интернетската страница на Собранието содржи информации за дневниот ред (презентирани на начин кој овозможува едноставно следење на отворањето и затварањето на расправата по нив), како и пристап до материјалите (основни и придружни документи) кои се однесуваат на секоја од точките. Исто така, информациите кои се однесуваат на пленарните седници содржат и транскрипти од дискусиите на секое од продолженијата на седницата, како и резултати од гласањата по точките (кои покажуваат како гласал секој од пратениците по одредена точка на дневниот ред), додека информациите од седниците на работните тела содржат и записник од седницата, објавен по нејзиното завршување.

Покрај споменатите пишани материјали, интернетската страница на Собранието содржи и аудиовизуелни материјали од пленарните седници - нивен пренос во живо преку интернет (стриминг) и архивирани аудиовизуелни снимки од секое од продолженијата на седниците, достапни за подоцнежен преглед во форма на „видео по барање“.

**ДОБРИ ПРАКТИКИ**

Заради поширока и поедноставна достапност на ваквите аудиовизуелни материјали, Саборот на Република Хрватска истите ги емитува и преку најпопуларниот глобален сервис за споделување аудиовизуелни содржини на интернет, „Ју-тјуб“ (YouTube).

(*Извор: одговори на прашалник на ЕЦПРД бр. 3481*)

Интернетската страница на Собранието на Република Македонија, исто така, содржи и основни податоци за секој од пратениците од актуелниот и минатите собраниски состави, кои најчесто опфаќаат податоци за нивното членство во пратеничка група, членство во работните тела, совети и делегации и кратка биографија напишана во слободен (нестандардизиран) формат.

Деловникот на Собранието на Република Македонија го **гарантира и пристапот на медиумите** во неговата работа. Освен обезбедувањето на физичкиот пристап за новинарите на пленарните седници и седниците на работните тела, деловнички е гарантирана и достапноста на актите кои ги разгледува и донесува Собранието, информативните и документациските материјали за прашањата што се разгледуваат во Собранието и во работните тела, извештаите за работата на работните тела и записниците од седниците.

**Физичкиот пристап на граѓаните** е, исто така, регулиран со Деловникот, кој пропишува дека граѓаните можат да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието. Во пракса, вака дефинираниот пристап е крајно ограничен, односно не е воспоставена постојана пракса на присуство на граѓаните на пленарните седници и седниците на работните дела. Физичкиот пристап на граѓаните, на редовна основа, најчесто се остварува во рамките на отворените денови на Собранието.

**ДОБРИ ПРАКТИКИ**

Пристапот на граѓаните во галериите на пленарните сали на парламентите е практика која е присутна во повеќе парламенти во Европа. Пристапот во парламентите на Шведска и Словенија е овозможен преку поедноставени процедури, кои секако опфаќаат и безбедносни проверки на влезот и обврска за строго почитување на пропишаниот ред во зградата на Парламентот

Изработил: Илија Милчевски, ноември 2017